**20081613322**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за платите на судиите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2008 година.

Бр. 07-5659/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Член 1

Во Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија” број 110/2007 и 103/2008), во членот 12 став (1) алинеите 2 и 4 се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.